НОВА МАКЕДОНИЈА
# Пензионерски видици
ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ
Година II
број 14
24 февруари
2006 год.

Прилог кон историјата

## Шест децении на пензионерско организирање во Македонија

Годинава се навршуваат 60 години од пензионерското организирање во Македонија. Поточно со донесувањето на првиот сојузен Закон за пензиско и инвалидско осигурување во 1946 година беа пензионирани првите работници - со што се формира организацијата на македонските пензионери како колективен член на единствените синдикати во Македонија.

Во 1947 година веќе биле евидентирани околу 500 пензионери, а во 1950 година тој број е зголемен на 3.736 од кои 1.318 старосни пензионери, 1.423 семејни и 995 инвалидски. Од година во година бројот на пензионерите значително се зголемува. Така, во 1960 година се регистрирани вкупно 15.321 пензионер, десет години подоцна 51.537, во 1980 година 84.948, во 1990-166.224 и во 2000 година 241.221 пензионер. Пет години потоа, во декември 2005 година бројот на пензионерите во Република Македонија се зголеми на 272.740.

Сето тоа укажува дека во нашата држава се создаде една многубројна популација, која во континуитет се развивала, оставајќи траги и во самиот развој на државата.

Кога се прави пресек на шестдецениskiот развој на пензионерското организирање во нашата земја задолжително треба да се анализираат неколку значајни периоди.

Извонреден настан за животот и работата на македонските пензионери, според почесниот претседател м-р Вите Исјановски, претставувало четириесетгодишното одбележување на Сојузот на пензионерите на Македонија во 1986 година. Тогаш, за првпат пензионерската организација, со поддршка на Синдикатот, на свечена седница достојно се презентирала пред своите членови и пред широката јавност, давајќи пресек на севкупните активности, но и на најактуелните проблеми од животот на пензионерите. Била усвоена и многу поамбициозна програма за работа, како и одлука секоја година 20 септември, да се одбележува како роденден на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македониј.

Сојузот на пензионерите на Македонија како самостојна организација се конституира во 1991 година кога нашата земја се здоби со својата самостојност, независност и суверенитет и стана членка на Организацијата на Обединетите нации. Тоа, воедно значеше и поголема обврска на државата кон грижата за пензионерите и старите лица.

Хроничарите ќе забележат дека во 1994 година на редовниот Конгрес на синдикатите на Македонија било елиминирано колективното членство на Сојузот на пензионерите.

За тоа што претставува оваа пензионерска организација и каква е нејзината креативна сила посебно стана збор на одбележувањето на златниот 50-годишен јубилеј во 1996 година. При тоа посебен акцент се даде на местото и улогата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, како организација од исклучително значење за животот на пензионерите.

СЗПМ делува како самостојна, невладина, неполитичка и непрофитна заедница на 48 здруженија на старосни, семејни и инвалидски пензионери во кои членуваат околу 220.000 корисници на пензија. Годинава кога ќе ја одбележува 60-годишнината од формирањето, претставува најбројна и најстара пензионерска асоцијација, добро организирана, технички релативно добро опремена, со забележителни активности во заштита на правата на пензионерите, за редовната исплата на пензиите и нивно усогласување, на спортски и културен план и збогатување на меѓународната соработка.

Во Република Македонија постојат уште три сојузи во кои членуваат инвалидски пензионери: Сојуз на инвалидски пензионери, Сојуз на трудови инвалиди и Здружение на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија на Македонија.Меѓутоа, интенција е да се создаде единствена организација на пензионерите на Македонија, која ќе може многу подобро да делува во интерес на најважните прашања од животот на пензионерите и приближување кон стандардите на Европската унија.

Најновите податоци за структурата на пензионерите во Македонија укажува дека од вкупно 272.740 корисници на пензија, старосни пензионери се 142.827 со просечна пензија од 8.516 денари, потоа инвалидски 50.180 со просечни примања 6.542 денари и семејни 72.145 со просечен износ на пензија 6.018 денари. Има и 4.781 корисници на минимална земјоделска пензија од 2.626 денари и 2.807 корисници на воена пензија со просек од 13.810 денари.

Од вкупниот број корисници во Република Македонија пензија испод 100 евра примаат околу 91.800 пензионери, бројка која секако загрижува со оглед на сè повисоките животни трошоци. И податокот дека најниска пензија во нашата држава изнесува 3.918 денари, а највисока 26.888 денари.

**Д. Аргировски**



Свечена академија 50 години на СЗПМ 1996 година

Од работата на УО на Фондот на ПИОМ

## Утврден буџетот на Фондот за 2006 година

На 8 февруари 2006 година, Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија одржа редовна седница на која, меѓу другото, го утврди Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2006 година, во кој е дадена проценка врз чија основа се пресметани приходите и расходите на Фондот за оваа година.

Исто така, разгледани и донесени се повеќе одлуки, информации и акти од тековното работење на Фондот.

Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2006 година е изготвен во согласност со добиениот буџетски циркулар од Министерството за финансии, во кој се содржани главните насоки за подготвување на предлог - буџетската пресметка за 2006 година, очекуваните макроекономски индикатори за развој на Републиката, достигнатите и очекуваните нови обврски на Фондот што произлегуваат од спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување согласно законската регулатива, како и насоките на Управниот одбор на Фондот за приоритетните цели и задачи што треба да се остварат во работата на Фондот.

**Приоритетни цели во работењето на Фондот во 2006 година се:**

- **Обезбедување средства за редовна исплата на пензиите преку поголема ефикасност во наплатата на придонесите и другите приходи на Фондот ;**
- **Унапредување на контролата и наплатата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување ;**
- **Воспоставување, односно имплементирање на новиот систем за собирање, наплата, контрола и распределба на придонесите меѓу државниот и приватните пензиски фондови ;**
- **Рационализација и унапредување на новиот начин на доставување на податоците за стаж и плата на вработените, по електронски пат со креиран формат на фајл на МППП-образец;**
- **Ажурирање на базите на податоци на Фондот за обврзниците и осигурениците, во насока на спроведување на новиот процес за наплата на придонесите и за остварување на другите функции на Фондот ;**
- **Унапредување на информацискиот систем како техничка поддршка во спроведување на постојните и новите задачи што произлегуваат од реформираниот пензиски систем ;**

За реализација на овие цели, како и други задачи, кои произлегуваат од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Статутот и други акти на Фондот, како и обврските од Законот за капитално финансирано пензиско осигурување, Стручната служба на Фондот во текот на годината ќе ги преземе сите неопходни мерки и активности. Притоа, редовно ќе ја следи и анализира финансиската состојба и ќе ги информира Управниот одбор на Фондот, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и другите надлежни државни органи заради благовремено преземање мерки за непречено остварување на функциите на Фондот.

Пред се, во делот на остварувањето на средствата од придонесите Фондот ќе ги преземе сите можни мерки за зголемување и обезбедување на поефикасна наплата на придонесите што произлегуваат од законската регулатива.

Веќе е отпочнато имплементирање на новиот процес на наплата и контрола на придонесите месечно, на ниво на обврзник и одделно по работник, што, исто така, се очекува да придонесе за поефикасна наплата на придонесите и обезбедување квалитетни податоци, не само за државниот фонд, туку и за индивидуалните сметки на осигурениците, како членови на приватните фондови.

Според предвидените вкупни приходи со Буџетот, се очекува Фондот во 2006 година да оствари избалансирани приходи и расходи и да обезбеди покривање на планираните обврски, односно редовна исплата на пензиите на сите корисници на пензија, како и за новите корисници кои правото ќе го остварат во текот на 2006 година; исплата на придонесот за здравствено осигурување на корисниците на пензија; исплата на надоместоците од инвалидското осигурување; како и трошоците за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување, вклучувајќи го и надоместокот на Стручната служба на Фондот за вршење на работите од пензиското и инвалидското осигурување и плаќањата по основ на пренесување на придонесите на индивидуалните сметки на членовите на приватните пензиски фондови.

**Анастасија Нелковска**

## Анкета



**Мирослава Петровска - пензионерка од Кочани**

Над десет години сум претседателка на Актив на жените-пензионерки во Кочани и секој 8 Март настојуваме денот да го одбележиме со дружење и пријателство и со проширување на соработката со Активи во повеќе градови во Македонија. Иницијаторка и организаторка сум на повеќе активности во нашето здружение на полето на спортот, одморот и рекреацијата, при што имаме постигнато завидни резултати. Во тој дух на сите жени, а особено на пензионерките во нашата земја им го честитам 8 Март. Треба меѓусебно да соработуваме и да разменуваме искуства за својот статус и живот.



**Нада Кацарска, пензионерка од Велес**

Осми март го гледам како ден посветен на жената, мајка, сопруга, баба, тетка.

Прво, жената треба денот да си го посвети сама на себе што е редок случај во текот на годината. Да излезе со своите пријателки, да размени прикладни подароци, да возврати љубов со своите најблиски.

Празникот е свеченост што не треба да се избегнува и од историска гледна точка. На овој ден жените од светот се избориле за рамноправност со секогаш спротивставената страна мажите кои и понатаму се стремат да доминираат и да раководат со светот. Тоа на глобално ниво.

А, на локално? Ние жените треба да си посветиме самите внимание за да не почитуваат и другите, зашто не случајно е речено,колку ќе се сакаш самиот, толку ќе те сакаат и другите.



**Трајанка Глигорова, пензионерка од Кочани**

Активна членка сум на Здружението на пензионерите и претседателка на Комисијата за културно-уметничка дејност.

Во оваа дејност во последно време оствaруваме забележителни резултати, а минатата година бевме и добри организатори на регионалната фолклорна ревија на која учествуаа 230 пејачи, играорци и музичари од Источна Македонија. Во нашето здружение работи мешан хор, оркестар, женска пејачка група, гајдарџии, соло пејачи, дуети и други, а настојуваме да го негуваме изворниот фолклор. Достојно си го одбележуваме и 8 Март. Да напоменам и тоа дека досега сум учесничка на шест републички пензионерски спортски натпревари, при што со екипата во стрелаштво освоивме четири медали.

ДОСИЕ

Осум седници на Собранието на СЗПМ

# Во фокусот - актуелни прашања од интерес на пензионерите

Во актуелниот мандат (2002-2006 година) Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија досега одржа осум седници на кои се разгледани повеќе прашања од интерес на пензионерите. Покрај настојувањето за афирмација на пензионерската популација во овој период забележителна е заложбата за заштита на правата на пензионерите и за унапредувањето на организацијата, методот и содржината на работата на здруженијата.

Конститутивната седница на Собранието се одржа на **12 декември 2002 година,** а четиригодишниот мандат завршува при крајот на 2006 година. За претседател на Собранието беше избран Душко Шурбановски, кој едновремено е и претседател на новиот Извршен одбор. Воедно беше изразена благодарност на м-р Вите Исјановски, кој беше повеќегодишен претседател на пензионерите на Македонија.

На конститутивната седница беше усвоена и ориентационата програма за активноста на Собранието за периодот 2002 до 2006 година.

Втората седница Собранието на СЗПМ ја одржа на **29 април 2003 година** на која беше усвоена завршната сметка на приходите и расходите за 2002 година, беше донесен финансовиот план за 2003 година, а се изврши и избор на Надзорниот одбор на СЗПМ.

Третата седница на Собранието на СЗПМ ја одржа на **30 јануари 2003** година на која во центарот на вниманието беше проблематиката на Солидарните фондови при што беше усвоен Протокол за соработка со Фондот на ПИОМ за сервисирање на овие средства заедно со членарината, како и Спогодба за организација и делувањето на солидарните фондови на здруженијата и за нивните меѓусебни односи во управувањето со овие средства. Беше донесена и одлука висината на солидарниот фонд да биде 120 денари и 20 денари членарина, што е задржано до денешни дни.

На оваа седница беше усвоена и иницијативата за донесување измени на Законот за здравствена заштита.



Собранието на СЗПМ својата четврта седница ја одржа на **1 март 2004 година** на која беа усвоени извештајот за работата во 2003 година и програмата за 2004, како и завршната сметка и финансовиот план. Интересно е што на оваа седница беше констатирано дека пензионерската организација и покрај над 200.000 членови како да е запоставена од државата и се побара поголема транспарентност на проблемите и афирмација преку јавни гласила на Сојузот, подобрување на здравствената заштита, иницирање на измени на Законот за здружување на граѓани и на начинот на усогласувањето на пензиите. Беше донесена и одлука за прием во членство на СЗПМ на новооснованото здружение на пензионери од Ѓорче Петров и на здруженијата на инвалидските пензионери од Охрид, Кавадарци, Велес и Прилеп.

Петтата седница се одржа на **27 декември 2004 година** со централна тема за најавени промени во врска со сервисирањето на средствата за членарина и за солидарните фондови од страна на Фондот на ПИОМ. Во богатата дискусија беше нагласено дека сегашниот систем на функционирањето на солидарните фондови се покажал како мошне практичен и ефикасен, поради што се побара Фондот на ПИОМ да ја преиспита својата иницијатива и да ја почитува меѓусебната Спогодба, која според заклучокот треба да биде регулирана и со законски прописи.

Собранието на СЗПМ на **28 февруари 2005 година** ја одржа шестата седница на која беа усвоени претходно утврдените материјали на Извршниот одбор - Извештајот за работата во 2004 и Програмата за 2005 година, завршната сметка и финансовиот план. При тоа беа потенцирани барањата за подобрување на законските одредби и статусот на пензионерската асоцијација, за поповолно усогласување на пензиите, за подобрување на здравствената заштита и снабдувањето со лекови, за подобра соработка со Управниот одбор и службата на Фондот за ПИОМ и слично. Беше поздравено и излегувањето на месечниот прилог "Пензионерски видици" во весникот "Нова Македонија".

На **28 декември 2005 година** Собранието на СЗПМ ја одржа седмата седница на која беа усвоени Програмата за работата на Сојузот за периодот од 2006 до 2008 година и Нацрт акциониот план за нејзината имплементација. Беа поддржани приоритетните задачи и зацртаните цели, посебно за зголемување на пензиите, за збогатување на содржините и активностите на пензионерската асоцијација, за унапредување на организационата поставеност и на информирањето.

**Годинава, на 27 февруари закажана е осмата седница на Собранието на СЗПМ на која покрај Извештајот за работа на Извршниот одбор во минатата година и завршната сметка, ќе се разгледаат и Програмата за работа и финансовиот план за 2006 година.**

Во овој мандантен период досега се одржани и околу 20 седници на Извршниот одбор на СЗПМ.

**Д.Арг.**

ПОГЛЕДИ И МИСЛЕЊА

# Да не се биде слободен стрелец

На седницата на Собранието на СЗПМ, што беше одржана во декември лани, се водеше мошне плодна расправа во врска со донесувањето на тригодишниот план за работа на оваа организација, се разбира како невладина и непартиска. Се водеше плодна расправа од повеќе членови на Собранието, зашто се работеше, навистина, за програма која радикално го менува приодот кон концепирањето на севкупните активности на оваа организација.

Еден од членовите на Собранието (Кичево), одкако го поддржа предложениот програм како таков, во својата дискусија нагласи, дека е тоа лично негово мислење, бидејќи во општинското здружение не бил поканет на ниту еден состанок на кој се водела расправата по концептот и содржината на оваа програма.

Тој посебно во дискусијата нагласи дека тоа не било никаков посебен исклучок. Тој при тоа подвлече, дека кај нив не било практика, членот на Собранието на СЗПМ да се повикува на седница на органите и телата на општинската организација.

Се смета, дека би требало неодложно да се познаваат статутите на СЗПМ и на здружението, според кои не би смеело да се дозволи членот на највисокиот орган да биде некој вид **слободен стрелец**. Тој би требало да биде интегрален дел на општинската организација и на базичната организација како што е огранокот. И така по ред на организационата зграда на организацијата на пензионерите во Македонија.

Сосема нормално, членот на Собранието како да има двојна улога во остварувањето на неговиот изборен мандат. Едната, тој би требало сосема веродостојно да ги пренесува ставовите на својата матична организација во републичкиот форум на пензионерите. Втора духот и карактерот на ставовите на републичкиот форум каде што тој е активен член, најцелисходно и творечки да ги пренесува во својата база. Оваа интегрална целина, би требало постојано да биде развивана и унапредувана, а сето тоа во интерес на пензионерите во општината.

Секакво евентуално застранување од овие правила, нивно запоставување, неминовно ќе предизвика потреба од преиспитување на изборот на дадениот мандат на пензионерот. Тој може да биде отповикан во секое време. Меѓутоа, на членот на Собранието на СЗПМ мора, исто така, да му се создаваат организаторски предпоставки, тој да биде во срцевината на пензионерските проблеми. Само така, квалификуван ќе може да приоѓа кон нив и одговорно да ја бара завршницата на актуелните прашања, што тангираат најголем број на пензионерите.

**м-р.Вите Исјановски**

# Кој се срами од инвалидските пензионери?!

**Драги мои колеги, инвалиди, дали знаете:** - дека многу од вас без ваше одобрение членуваат во здруженија на трудови инвалиди.

-оти со вашиот солидарен фонд и членарина кои се одвојуваат од вашите пензии раководат и ви ги користат здруженија на трудови инвалиди.

- дека само по тој основ секој месец се создава фонд од 100.000,(сто илјади евра).

-дека од тие пари секој месец прво се одвојуваат 7-1 отсто за манипулативни трошоци за здруженија на трудови инвалиди, а после за друго.

-дека, инвалидски пензионери има 50.000, а трудови инвалиди во Република Македонија ниту 2.000 члена.

-дека оваа финансиска манипулација и услуга ја прави фондотна пензиско и инвалидско осигурување, без законска основа.

-дека во трошење на овие пари не постои јавност и транспарентност, бидејќи ниту Фондот на ПИОМ, ниту сојуз на овие трудови инвалиди нема излезено со јавна информација, каде, колку и за што се трошат овие пари.

-дека за овој проблем требаше да биде изготвена информација од службите на ПИОМ во трето тромесечје (2005 г.), но до денес ништо од тоа.

-дека за овој проблем ги известивме сите надлежни институции, но до денеска ни одговори само народниот правобранител дека ова не е во негова надлежност.

-дека за овој проблем на солидарен фонд и членарина покренавме и судска постапка пред Основниот суд 1 во Скопје на 20-09-2005 година.

-дека во Македонија има три сојузи кои се занимаваат со права и проблеми на инвалидски пензионери.

-дека покренавме иницијатива за интегрирање на овие сојузи, но без резултат.

-дека во раководства на трудови инвалиди има членови кои се и по 30 години непроменети.

-дека во Македонија има 19 здруженија на инвалидски пензионери и околу 25 на трудови инвалиди, сите финансирани од средства на инвалидски пензионери.

-дека Сојузот на трудови инвалиди само по основ на игри на среќа добива 2,5 милиони денари годишно, доволно да се решат скромните барања на оние нивни членови кои останале без работа или штрајкуваат со глад.

-ако во Сојузот на трудови инвалиди случајно се појавите со членска книшка на здружение на инвалидски пензионери да остварите некое право ќе бидете избркани од канцеларија.

-дека годишни собранија, а особено изборни, се држат тајно и нетранспарентно далеку од очи на и онака разбиено членство.

-дека трудовите инвалиди не учествуваат во создавање на солидарниот фонд и не им се одбива членарина.

-дека трудови инвалиди се активни осигуреници

- НЕ ЛИ Е ЧЕСНО И ФЕР од трудовите инвалиди, кога веќе ги трошат парите на инвалидски пензионери, барем и во називот да стои ЗДРУЖЕНИЕ НА ИНВАЛИДСКИ ПЕНЗИОНЕРИ. Зошто се срамат кога веќе со години ги трошат парите на инвалидски пензионери.

-или само трудовите инвалиди треба да си раководат со својата организација, а инвалидските пензионери да си ги остават сами да се организираат.

- Во сето ова улогата на Фондот на ПИОМ е многу значајна и ова институција ќе треба со поголема одговорност да придонесе да се реши ова прашање во духот на законите, во спротивно гревот ќе биде нивен.



**Јован Поповски, претседател на Сојузот на инвалидските пензионери на Македонија**

ФОТО ВЕСТ



# „Блакцата на баба“

Во организација на жените пензионерки од Велес во мотелот на Велешкото Езеро на крајот на јануари беше одржана по 11 пат манифестацијата "Блакцата на баба". На оваа презентација на старински блага земаа учество жени пензионерки од 13 града од Република Македонија.

- Освен презентирање на благцата на баба, меѓусебно дружење и забава оваа манифестација на која присуствуваат и раководството на СЗПМ и градоначалникот на градот домаќин, преку цената на влезниците донираме за здравјето на луѓето - истакна Живка Илиевска, претседател на жените пензионерки од Велес. Минатата година средствата ги дадовме на прилепчанецот Миле Стојановски кој со количка отиде на Олимписките игри во Грција, годинава нашата донација е наменета за деветгодишниот Бобан Стојковски од Велес кој треба да се оперира од срце во Софија.

Свое учество во оваа манифестација имаа и повеќе фирми, како што се "Раде Кончар" - сервис од Скопје, "Брако" ДОО, "Динамо" ХИТ, ДПТУ "Жито" и Јелена Трајкова, специјалист инфектолог, сите од Велес.

**Б.Ќ.Ч.**

Разговор со д-р Крсте Ангеловски, претседател на Градскиот сојуз на здруженијата на пензионерите во Скопје

# Заеднички интерес на здруженијата



**Кога е формиран и која е основната задача на Градскиот сојуз на ЗП во Скопје**

Уште во 1950 година кога бил формиран Републичкиот одбор на пензионерите во рамките на Синдикатот на Македонија, бил избран и Градски совет на пензионерите на ниво на град Скопје. Тука живееја најголем број на пензионери и градската организација со своето организирање требаше да послужи како урнек за организирањето на пензионерите на ниво на општините. Првите општински организации на пензионери во Скопје се основаат во втората половина на 60-тите и првата половина на 70-тите години. По осамостојувањето на Македонија, пензионерската организација на Македонија престанува (1994) да биде колективен член на Синдикатите на Македонија и се организира како самостојна организација. Основна задача на пензионерската организација беше заштита на интересите и законските права на пензионерите. Градскиот одбор на СЗП-Скопје, како единствен орган на управување на сојузот, посебно внимание му обрна на решавањето на станбеното прашање на пензионерите кои беа социјално загрозени. По иницијатива и со поголеми материјални вложувања, Градскиот добор изгради во Скопје четири пензионерски домови (Аеродром, Автокоманда, Чаир и Ѓ. Петров).

**Кои заеднички активности се организирани во последно време?**

По основањето на здруженијата на пензионери по општините, Градската организација ја насочи главната своја функција на иницирање на прашања од заеднички интерес на здруженијата, на координација и усогласување на нивните ставови и активности за поефикасно и порационално делување. Од почетокот на 2005 година Градскиот сојуз се организира врз принципот на двостепено управување: со Собрание како највисок орган на управување и Извршен одбор како извршен, оперативен орган. Едногодишното искуство на новата организациска структура на Сојузот даде очекувани резултати: поголема демократичност, економичност, рационалност и ефикасност во работењето.

**Кои што ќе биде насочена активноста на Градскиот сојуз на оваа 2006 година?**

Во оваа година Градскиот сојуз ќе изврши извесни корекции и усовршување на актите на Сојузот (статутот): ќе се преземаат мерки за подобрување на здравствената заштита, посебно на обезбедување на лекарства од позитивната листа; користење на потрошувачки кредити; работата на солидарните фондови (висина на погребнината); реконструкција на рекреативниот центар во Катланово; статусот на пензионерските домови; надградба на некои домови и изградба на нов пензионерски дом во општина Центар; бенефиции во превозот на пензионерите во градот; унапредување на информирањето на пензиионерите и друго.

**Како се планира да се интензивира соработката со локалната самоуправа за создавање на услови за пензионерски активности, дотолку повеќе што со новата територијална поделба во македонската метропола се формирани и нови општини, како Аеродром, Бутел и Сарај?**

Денес во Скопје живеат околу 90.000 пензионери, а организацијата на ЗП во Скопје не е ограничена и не се поклопува со рамките на општините во градот. Согласно новата територијална подлеба, на подрачјето на градот постојат 10 општини, а Градскиот сојуз го сочинуват 5, односно 7 здруженија во кои е опфатено целокупното членство на пензионери на град Скопје. На планот на евентуална нова организациона поставеност, односно основање на нови здруженија, органите на ЗП му обрнуваат мошне сериозно внимани. Како основен принцип од кој се поаѓа е да се задржи и унапреди квалитетот на работата на здруженијата, а пред се да не дојде до опаѓање на материјалниот стандард на пензионерите.

**Веќе над година дена во „Нова Македонија" излегува прилогот за пензионерите „Пензионерски видици". Каква е Вашата оценка за ова јавно гласило?**

Информирањето на ЗП и на нивното членство претставува една од најзначајните задачи на СЗП-Скопје. Формите на информирање се разновидни; од усни разговори, предавања, преку издавање на билтени, монографии, подлистоци во дневни весници, специјализирани радио и ТВ емисии, универзитет Трета доба и сл. Во оваа насока појавата на подлистокот на "Нова Македонија" - "Пензионерски видици" претставува значаен чекор на планот на што поквалитетно информирање на пензионерската организација како претпоставка за нејзиното унапредување и развој. Без информирање нема транспарентност, а без транспарентност нема демократија.

**Разговорот го водеше Драги Аргировски**

## Во посета на...

Здружението на пензионерите Гази Баба – Скопје

# Современ приод на пензионерското организирање



Во зградата на Пензионерскиот дом - Автокоманда, во просториите на Здружението на пензионерите на скопска Гази Баба забележуваме голем број признанија, пехари, благодарници и фотографии, кои укажуваат на една богата активност. Впрочем и во минатата година целосно е реализирана годишната програма во интерес на потребите на пензионерите.




Се интересираме на што се должи тоа? Динамичниот претседател на Извшниот одбор на Здружението **Душан Пересски** ни ја откри новината во организирањето на овој орган. Имено, во мандатниот период 2002-2006 година сите членови на Извршниот одбор добиле конкретна задолженост по поодделни области на активноста. Според него ваквата организација на работата покажале мошне добри резултати и се прават напори овој нов принцип на работа уште повеќе да се усовршува. Конкретно еден од членовите е задолжен за работата на ограноците, вториот за клубовите, третиот за спортските активности, потоа за економско-материјална положба, за културно-забавен живот, за излети, средби и рекреација, за хуманитарно-социјална положба, за надоместоците, за здравствена заштита и за обезбедување со огревни дрва. Претседателот на Извршниот одбор покрај секојдневните задолженија утврдени со Статутот и со годишната програма за работа, ја координира работата на сите членови, врши консултации и дава насоки за одделни актуелни прашања, за иницијативи и предлози.

- Сметам дека до крајот на мандатот ваквата организација во работата ќе даде уште поконкретни резултати и оправданост-категоричен е Душан Пересски.

Здружението има вкупно 11.750 членови, од кои 1.100 се сопружници на пензионерите. Како основна форма на организирање се формирани 11 ограноци, а во осум од нив работат добро посетени клубови за дневен претстој на пензионерите. Клубовите во Железара, Автокоманда, Ченто, Јане Сандански, Трубарево, Илинден, Маџари и Бујковци станаа погодни места за пензионерско дружење и информирање со разни соопштенија, за размена на мислења, за забави и разонода, бидејќи во нив има услови за играње на шах, домино, за гледање телевизија, но и за читање на "Нова Македонија" и "Пензионерски видици" за што владее посебен интерес, како и за "Пензионерскиот информатор" што Здружението го објавува еднаш до два пати годишно.



Ваквото позитивно ангажирање на пензионерите, вели Пересски, ја наложува потребата годинава да се отворат клубови и во Петровец, Марино и Арачиново.

За успешното функционирање на Солидарниот фонд зборуваше претседалот на Собранието на здружението на пензионерите од Гази Баба - **Киро Вељановски**, објаснувајќи дека член на овој фонд е секој корисник на старосна, инвалидска и семејна пензија. Покрај нив, корисници се и сопружнците и пензионерите кои не се со пензионерски статус, но уплаќаат само половина од месечниот износ - 60 денари, а во случај на смрт и за нив погребнина се исплаќа целиот износ од 35.000 денари.




Во минатата година беа обезбедени и 20 автобуси за бесплатен превоз за излети и рекреација на пензионерите. Беа посетени Крушево, Дебар, Вевчани, Св. Јован Бигорски, Леуново, Св. Јоаким Осоговски, Струга, Дојран, Негорски Бањи, Гевгелија и други места. Успешно е остварена традиционалната соработка со збратимените здруженија од Куманово и Струмица, со заедничко дружење во меморијалниот асномски центар во Пелинце, како и во Струмица и со меѓусебни спортски натпревари во Скопје.



- Во рамките на севкупното програмско ангажирање на Здружението, зголемена активност имаше и Активот на жените - пензионерки, вели претседателката **Марија Илијевска.** Остварена е соработка со повеќе активи во државата, реализирани се неколку собирни хуманитарни акции, а традиционално се одбележува на 8 март - денот на жените.

- Со оглед на тоа што голем број на пензионери имаат потреба од хуманитарна помош и заштита, на овој план треба многу повеќе да работиме, нагласи Душан Пересски. За новогодишните и божиќните празници годинава со одлука на Извршниот одбор беа доделени 260 пакети со прехранбени артикли и 400 календари, во вкупен износ од 100.000 денари. Склучени се и 208 договори за обезбедување со огревно дрво со отплата на шест рати, а беа прифатени и условите на Комерцијална банка - Скопје за доделување на потрошувачки кредити во износ од 30.000 денари за пензионери од ова здружение.

И културно-уметничкото друштво "Пензионер" што делува во рамките на здружението успеа да формира нови секции, а учествуваше и на регионалната ревија во Тетово, како и на Републичката фолклорна ревија во Унивиерзална сала во Скопје.

Со организирање на редовни вежби по сите дисциплини спортистите од Здружението на пензионерите од Гази Баба на регионалните натпревари во Скопје го освоија преодниот пехар, со пет први, осум втори и три трети места, а на Десетите јубилејни републички спортски натпревари на пензионерите, што се одржаа кај Велешкото Езеро, Миодраг Јовановиќ беше прогласен за најдобар стрелец.

Одредени пробелми што се јавуваат во работата се настојува транспаретно да се решаваат, а по извештаите се организира и јавна дебата. Посебно во оваа 2006 година, пред здружението и неговите органи и тела престојат посериозни задачи и обврски за целосно извршување на програмските цели и задачи во мандатниот период.

**Д. Аргировски**



Гевгелија

# Традиционални и нови активности



Во годината што измина Здружението на пензионери од општината Гевгелија, постигна добри резултати во своето работење - ни рече претседателот **Драгиша Јовановиќ**. Во нашата организација членуваат 3.140 пензионери организирани во 12 ограноци во населените места на општина Гевгелија.

Минатата година вкупно беа регистрирани 19 активности на локално, регионално и републичко ниво. На локално ниво беа организирани дружења во одбележувањето на 8 март, 20 септември, на 60-годишнината од АСНОМ, и Денот на ослободувањето на Гевгелија - 7 ноември.

На регионално ниво беа организирани дружења со Здруженијата од Битола, Кавадарци, Прилеп, Богданци, Неготино, каде настапија нашите пеачки групи потоа учествувавме на регионалната ревија во Неготино, каде се квалификувавме за учество на првата фолклорна регионална републичка ревија што се одржа во Универзалната сала во Скопје.

Нашите пензионери, вели Јовановиќ, успех постигнаа и на спортските пензионерски игри во Валандово што се одржаа на 7 мај, каде нашите претставници освоија четири втори места.

Традиционално во чест на новата година, Здружението на пензионери доделува по 65 пакети со прехранбени продукти на изнемоштени и стари пензионери во вредност од по 600 денари.



Не изостануваат и заедничките екскурзии, како што беше на музејот на АСНОМ Пелинце и манастирот Јоаким Осоговски, кај Крива Паланка,

Сите наши активности ги одбележуваат локалните и републичките средства за информирање, со што уште еднаш ја потврдуваме нашата транспарентност во работењето, истакна претседателот Драгиша Јовановиќ.

**ИНФО: Пензионери Гевгелија**

## *Афоризми*

Да се чуваме староста да не ни остави повеќе брчки на духот, отколку на лицето.

**-Монтењ**

Кога човекот е млад, срцето му живее за иднината, а кога ќе остари срцето му живее од минатото.

**-Рајмонд**

Да сте чисти како огледало, а бели како снег-сепак нема да ги одбегнете клеветите.

**-Шекспир**

Не сакам да влезам во историјата. Доволно ми е да го завршам животот со убедување дека на никого не сум му нанел зло.

**-Де Сика**

Постарите ни даваат добри совети, зошто се стари за да ни дадат лоши примери.

**-Ла Рошфуко**

Среќен е оној кој е ведар, немора да е млад, ни убав, ни богат.

**Шопенхауер**

**Избор: К.С.А.**



ЛЕКАРСКИ СОВЕТИ

# Алцхајмерова болест

Алцхајмеровата болест (АБ) спаѓа во примарните дементни состојби кај луѓето во трето доба, без оглед на пресенилна и сенилна форма.Пресенилната форма настапува пред 65 годишната возраст, а сенилната после 65 годишната возраст.

Прв пат е опишана од Алојс Алцхајмер (1864-1915) во 1906 година,а потоа е прифатено името на авторот како Алцхајмерова болест (АБ).

Болеста се карактеризира со глобална детериорација на индивидуалните интектуални, емоционални и когнитивните способности.Оваа болест е четврта по ред како причина за смртноста во Европа и во САД. Преваленцата е 1% до 65 годишна возраст , а 10% до 75 годишна возраст, 20% до 84 и 47% над 85 години старост.Годишна инциденција е 120 болни на 100.000 жители.Во Македонија не се правени студии за инцидентноста и превалентноста за ова заболување.

Патолошко-анатомскиот супстрат на оваа болест покажува глобална атрофија на мозокот со дилатација на коморниот систем, поради смалување на мозочната маса.Микроскопски постои смален број на нервните клетки, а во нивната структура постојат атрофични и дегенеративни промени.

Уочен е оксидативен стрес , зголемени се слободните радикали во мозокот. Во етиопатогенезата учествува и естрогениот хормон,а се претпоставува дека имаат учество и некои метали како алуминиумот и цинкот, но се уште нема цврсти докази.

Почеток на болеста е постепен, незабележителен.Клиничката слика на АБ ја карактеризира прогресивна детериорација во која доминира деменцијата, дезорјентација и психотичните манифестации.Болеста има три фази:

Првата фаза се манифестира со заборавање.Заборавеноста настапува постепено.Физичката активност се намалува, болниот се повлекува од нормалниот социјален живот. Оваа фаза трае две до четири години.

Втората фаза се карактеризира со нарушување на секојдневните функции, заборавноста е евидентна, болниот е дезорјентиран, несигурен, исплашен,неможе да комуницира, неможе да се служи со познатите предмети, се појавуваат хауцинации звучни и визуелни, неможе да се грижи за личната хигиена.Оваа фаза трае две до десет години.

Третата фаза се манифестира со целосна деменција.Болниот е сосема зависен од околината, болниот е врзан за својот кревет, неможе сам да се храни, ниту да ја одржува личната хигиена.Оваа фаза трае до три години, а може и подолго.Таа фаза е тешка и смртоносна.

На меѓународната конференција 1996 год. на психијатрите превземена е обврска за попрецизна дефиниција на АБ и ја окарактеризирале како невробиолошко страдање и како одговор на повеќе етиолошки фактори: соматски, јатрогени, психолошки и пореметени односи со најблиската околина во која живее болниот.

Поставување на дијагнозата на АБ е тешка и сложена.Потребно е да се земе добра анемнеза, да се исклучат други органски заболувања кои симулираат одредени симптоми на АБ.Од испитувањата потребно е да се направи невролошки статус, преглед на очното дно, потоа следи ЕЕГ, КТ, магнетна резонанса и др., за да би могло да се диференцира од други интернистички, хируршки и невропсихијатриски заболувања.

Лекувањето треба да биде прво немедикаментозно. Се превземаат прво мерки да се поправат грешките во однесувањето на средината кон болниот, потоа примена на музикотерапија, лумино- терапија и балнео-терапија.Ако овие мерки не вродат со резултати се пристапува кон медикаментозна терапија.

Пред употреба на фармаколошки средства потребно е како прво да се има предвид правилото на прво место да не се нашкоди-примум нон ноцере. Да не се употребуваат инкопатибилни лекови со АБ како што се молекули на антихолинергици.Да се бира минимална и ефикасна доза.Да не се употребуваат истовремено повеќе лекови, тику да се оди кон употреба на еден лек.Прекин на терапијата да биде постепено.

Од медикаментозна терапија во употреба се лекови кои го зголемуваат холинергичниот невротрансмитер ацетил холинот, потоа холинестеразни инхибитори кои кратко време ги подобруваат емоционалните и бихејвиоралните симптоми, малку меморијата, но имаат и несакани ефекти за кое треба да се води сметка.Треба да се избегнуваат седативи, антихолинергици, антипсихотици. Преживувањето е од 2-20 години обично неколку години.Терапијата треба да ја води избраниот лекар од примарната здравствена заштита во перманентна консултација со невропсихијатар.

Превенција - да се води сметка каде се сместуваат предиспонираните личности над 65 годишна возраст, во каква средина и условите во кои живеат. Потребно е благовремено откривање на симптомите кои укажуваат на евентуална појава на АБ.Во такви околности се превземаат соответни мерки за благовремена дијагноза.На тој начин ќе се придонесе да се намалат трошоците за лекувањето и да се спроведе рационална терапија.

Прилогот има за цел запознавање со оваа болест на популацијата над 65 годишна возраст, бидејќи не е ретка, а во наши услови е слабо позната.

**Прим. д-р Никола Стојановски**

Од репортерски агол

# Дедо Мите - витален играорец

За успешниот настап на 90- годишниот **Димитар Станоевски - дедо Мите**, на Првата републичка фолклорна ревија на пензионерите во Универзалната сала во Скопје пишуваа неколку дневни весници, а посебна страница му беше посветена и во специјалното колор издание на Информативниот билтен на СЗПМ. Меѓутоа, дедо Мите со својата ороводска игра е инспирација на секој новинар, уште повеќе што е и жива легенда на македонскиот фолклор.

Играорната група на "Копачка" од село Драмче кај Делчево со голем успех настапуваше на повеќе фолклорни фестивали и ревии, посебно воодушевуваше со својата колективна игра, со прецизните чекори на ритамот од звуците на тапаните, но и со успешното водење на ороводецот.

Дедо Мите секогаш е расположен за игра, но и за разговор.

- Задоволство ми е да играм, тоа ми донесе афирмација, голем број пријатели и посета на десетина земји, во кои достојно ја репрезентиравме убавата македонска изворна музика и автентичната вековна носија, вели дедо Мите, додавајќи дека решавачко за успехот била ориентацијата да се игра изворното и убавото, за што е потребен ентузијазам, проучување и вникнување во традициите и народното творештво.

- Во родното Драмче започнав да играм



од 14 години, се потсетува дедо Мите, и со мислите враќајќи се кон минатото, ќе наведе дека интензивен играорец е од 1948 година и веќе пет децении ороводец.



- "Копачка" е оро карактеристично за Пијанечкиот крај, но и еден од бисерите на македонската орска традиција и го симболизира врвот на естетското достигнување, оцени познатиот етномузиколог проф. **д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев**, нагласувајќи дека незаменлив танчер и ороводец е деведесеттгодишниот дедо Мите. Тој го пофали и комплетниот состав на изведувачите на "Копачка", кои имаат освоено повеќе награди на фестивали во земјата и странство.

Истакнатиот фолклорист **Страхиња Василев** со респект додаде: "За Копачка" навистина може да се каже дека е старо оро стотина години, а со самото пренесување на сцената се случуваат трансформации, онака како секој играч го доживува. Меѓутоа, дедо Мите со успех настојува да го сочува стилот, основниот чекор, ритамот и мелодиската форма. Тој е своевиден виртуоз, стар, но витален ороводец...

Во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во минатата година имаше голем број истакнати активности, но поради совршената игра на "Копачка" во Универзалната сала во Скопје на Првата републичка фолклорна ревија на пензионерите, Димитар Станоевски- Мите секако може да се смета како пензионер на годината во културната дејност.

**Д.Аргировски**

Штип

# Огревни дрва

Деновиве за грејната сезона 2006/2007 година започна запишување на огревни дрва за пензионерите од општините Штип и Карбинци.

Цената на дабовите дрва за еден кубен метар изнесува 1.980, а за буковите е 1.900 денари. Во цената е пресметан истоварот и кубицирањето на дрвата пред домовите на пензионерите.

Снабдувањето со огревните дрва е договорено да го врши претпријатието "Галиќ", Виничко, а отплатата ќе биде во осум рати. Снабдувачот, односно претпријатието "Галиќ" се обврзува испораката на дрвата да ја заврши до крајот на август годинава.

**Т.Босеовски**